Врз основа на член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), Директорот на ООУ ,,Киро Глигоров", Скопје, на ден 11.06.2020 година ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРО ГЛИГОРОВ
Бр. 02-255/01
11.06. 2020 год.
Центар Скопје

# О Д Л У К А

## за утврдување на листа на информации од јавен карактер

**1.** Со оваа одлука се утврдува Листата на информации од јавен карактер, кои се создадени од страна на ООУ „Киро Глигоров" Скопје и со кои училиштето располага во остварувањето на своите надлежности утврдени со закон. Општинското основно училиште „Киро Глигоров" Скопје, Центар ја утврди следнава листа на информации:

- Основни податоци за училиштето (целосниот назив, седиште на училиштето, единствен матичен број на субјектот, единствен даночен број, контакт/телефонски број на училиштето, е-маил адресата на училиштето, веб (интернет) страната на училиштето,
(достапни во/на: Архивата на училиштето и веб страната на училиштето);

- Основни податоци за директорот како овластено лице во училиштето,
(достапни во/на: Архивата на училиштето и веб страната на училиштето);

- Основни податоци за наставниците кои предаваат,
(достапни во/на: Архивата на училиштето и веб страната на училиштето);

- Податоци за функцинерите - овластени лица да посредуваат со информациите од јавен карактер (име и презиме, е-маил адреса и контакт/телефонски број),
(достапни во/на: Архивата на училиштето и веб страната на училиштето);

- Список на лице кои се вработени во училиштето,
(достапни во/на: Архивата на училиштето);

- Законите кои се однесуваат на надлежноста на училиштето и врз освнова на кои ја извршува својата работа кои се објавени во службени весници на Република Северна Македонија,
(достапни во/на: Службен весник на Република Северна Македонија);

- Прописите што произлегуваат од работењето на училиштето (статут, правилник за внатрешна организација, правилник за систематизација на работни места, правилник за функционална анализа, одлуки, решенија, договори, планови, програми, известувања, согласности, потврди и други видови на акти кои произлегуваат од вршењето на работата на училиштето, а се во согласност со законите и подзаконските акти),
(достапни во/на: Архивата на училиштето);

- Акти на органите на училиштето (Одделенски совет, Наставнички совет, Совет на родители и Училишен Одбор),
(достапни во/на: Архивата на училиштето);

- Изјави за антикорупција на члeновите на Училишен Одбор на училиштето,
(достапни во/на: Архивата на училиштето и веб страната на училиштето);

- Полугодишен извештај за работа на училиштето,
(достапни во/на: Архивата на училиштето и веб страната на училиштето);

- Годишен извештај за работа на училиштето,
(достапни во/на: Архивата на училиштето и веб страната на училиштето);

- Годишна програма за работа на училиштето,
(достапни во/на: Архивата на училиштето и веб страната на училиштето);

- Годишна програма за екскурзии и настава во природа кои ги организира училиштето,
(достапни во/на: Архивата на училиштето и веб страната на училиштето);

- Завршни сметки на училиштето,
(достапни во/на: Архивата на училиштето и веб страната на училиштето);

- Реализирани проекти,
(достапни во/на: Архивата на училиштето и веб страната на училиштето);

- Секции кои се остваруваат во училиштето,
(достапни во/на: Архивата на училиштето и веб страната на училиштето);

- Тековни активности,
(достапни во/на: Архивата на училиштето и веб страната на училиштето);

- Пријава за упис на првачиња во училиштето,
(достапни во/на: Архивата на училиштето и веб страната на училиштето);

- Договори за запуп на простории во училиштето,
(достапни во/на: Архивата на училиштето);

- Дневници, главни книги, извештаи од наставата,
(достапни во/на: Архивата на училиштето);

- Распореди на часови,
(достапни во/на: Архивата на училиштето);

- Пофалници и награди,
(достапни во/на: Архивата на училиштето и веб страната на училиштето);

- Ревизорски извештаи,
(достапни во/на: Архивата на училиштето);

- Статистички извештаи,

(достапни во/на: Архивата на училиштето);

- Други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на училиштето,

(достапни во/на: Архивата на училиштето и/или веб страната на училиштето).

**2.** Заштитени од правото на слободен пристап до информации се личните податоци од персоналното досие на вработените, личните податоци од досието на учениците, податоците од тековните финансиски активности и информации, како и сите информации опфатени во членот 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер а тоа се: информација која врз основа на закон претставува класифицирана информација со соодветен степен на класификација, личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци; информација чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка; информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката и информација која ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот).

**3.** Информациите од јавен карактер кои се достапни на јавноста се објавуваат на веб (интернет) страната на училиштето.

**4.** Одлуката да се објави на веб (интернет) страната на училиштето.

**5.** Одлукава стапува на сила со денот на донесувањето.

Скопје
11.06.2020 год.

**Директор,**

**Билјана Билбиловска**